Врз основа на член 57, став 1, алинеја 7 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, бр. 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013) и член 80 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 150/2010, 187/2011, 220/2012, 230/2012, 234/2012), Ректорската управа, на 172. седница одржана на 22.4.2013 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

## за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и нивна распределба

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат износите на трошоците за студирање на третиот циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: докторски студии) и се утврдува нивната распределба.

Износот на трошоците за студирање (во натамошниот текст: износ на трошоци), како и начинот и роковите на уплата се составен дел на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### Утврдување на износите на трошоците за студирање

**Член 2**

Износот на трошоците се искажува во евра, а се плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на плаќањето, за:

1. ментор (и коментор) од 500 до 1.500 евра
2. комисија за оцена на темата 250 евра
3. комисија за оцена на дисертацијата 300 евра
4. комисија за одбрана на дисертацијата 200 евра
5. раководење на студиската програма од 100 до 300 евра
6. Школа за докторски студии 250 евра
7. организатор на истражувањето од 500 до 1.500 евра
8. обука за истражување 450 евра
9. едукација 900 евра

Единицата утврдува посебни износи за истражувањето на кандидатите, зависно од научната област.

**Член 3**

Износите од член 2, став 1, точка 1, точка 5 и точка 7 и од член 2, став 2, ги утврдува советот на студиската програма.

Вкупниот износ на трошоците, согласно со овој Правилник, го утврдува советот на студиската програма.

**Член 4**

Износот за студирање од член 2, став 1, точка 6, студентите запишани на докторски студии го уплаќаат на сметката на Универзитетот и се засметува во износот од 5% што единиците и придружните членки-јавни научни установи го уплаќаат за остварување на интегративните функции на Универзитетот.

Останатите износи студентите ги уплаќаат на сметката на единицата - каде што е вработен раководителот на студиската програма.

При промена на раководителот, средствата и понатаму се водат на истата единица.

**Член 5**

На студентите запишани на докторски студии на кои им се признаваат 60 кредити од обука за истражување и едукација поради завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, школарината им се намалува за висината на средствата за обуката за истражувањето (12 ЕКТС x 15 евра за генеричките предмети) + (2 ЕКТС x 15 евра за семинар) + (2 ЕКТС x 15 евра за годишна конференција) и за предметите од полето и областа на истражување (30 ЕКТС x 30 евра).

### Распределба на износите на трошоците за студирање

**Член 6**

Распределбата на средствата што се уплаќаат на сметката на Школата за докторски

студии ја врши ректорот согласно со актите на Универзитетот.

Овие средства се наменети за:

- работата на Стручниот совет за докторски студии;
- материјални трошоци;
- Централната стручна и администативна служба;
- изработка на диплома.

**Член 7**

Распределбата на средствата што се уплаќаат на сметката на единицата каде што е вработен раководителот на студиската програма се врши во согласност со одредбите од овој Правилник.

**Член 8**

Единицата од член 7, според износите утврдени во овој Правилник, врши соодветна распределба на средствата за плаќање на лицата ангажирани во реализација на студиската програма:

1. на наставниците - реализатори на наставата по предметите за стекнување генерички знаења им се исплатува по 20 евра од студент;
2. на наставниците - реализатори на наставата по предметите од полето и областа на истражувањето им се исплатува по 30 евра за 1 ЕКТС од студент;
3. на членовите на Комисијата за семинарот или годишната конферен-ција им се исплатува по 10 евра од кандидат за секој семинар, односно годишна конференција.

Средствата кои преостануваат по исплатата на лицата ангажирани во реализација на студиската програма се наменуваат за покривање на материјалните трошоци. Остатокот од средствата припаѓаат на единицата - организатор на студиската програма.

**Член 9**

Средствата наменети за работилниците за истражувачка практика, по предлог на раководителот на студиската програма, се распределуваат за надоместок на менторот и/или за исполнување на активностите на работилниците за истражувачка практика.

**Член 10**

Распределбата на средствата за раководење на студиската програма ја врши советот на студиската програма.

Распределбата на овие средства се врши:

- на раководителот му се исплатува до 30 евра по студент;
- за покривање на материјалните трошоци;
- за стручната и административна служба;
- остатокот за единицата - организатор на студиската програма.

**Евиденција на уплатите**

**Член 11**

Единицата каде што се водат средствата е должна да води книговодствена евиденција на уплатите, за секој кандидат посебно.

По завршувањето на докторските студии, единицата е должна да поднесе финансиски извештај кој го одобрува деканатската управа кога една единица е организатор, а кога се повеќе единици организатори, финансискиот извештај го одобрува советот на студиската програма.

Консолидираниот финансиски извештај на Школата за докторски студии го одобрува Ректорската управа секоја година.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 12**

Исплата по овој Правилник ќе се врши од средствата уплатени по Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии во учебната 2013/2014 година.

**Член 13**

Стручниот совет ќе донесе Упатство за спроведување на овој Правилник.

**Член 14**

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник, а ќе се применува од учебната 2013/2014 година.

**Член 15**

Со денот на примената на овој Правилник престанува да важи Правилникот бр. 02-692 од 26.2.2010 и бр. 02-914/8 (Универзи-тетски гласник бр. 162/2010 и бр. 234/2012) година.

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**